**ДП. бр.346**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-896/1 од 05.03.2013 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител ВК.лично, по одржан претрес, на ден 05.04.2013 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ОГЛАСУВА за виновен** Извршител ВК. именуван за подрачјето на Основен суд Куманово и Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка за сторена дисциплинска повреда по 54-г став 1 алинеја 4 од Законот за извршување

ЗАТОА ШТО извршителот ВК. поголемиот дел од Уписникот за примени барања за извршување за 2011 и 2012 година со наслов ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА, не ги упишала преземените дејствија, со што постапила спротивно на член 45 став 1 од Законот за извршување и член 2 и член 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување

со кои дејствија извршителот ВК. сторила дисциплинска повреда : “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките“

па согласно чл. 54-б став 1 и со примена на правилата на казнено право за вонредно ублажување на казната на извршителот му се изрекува јавна опомена

*Образложение*

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП.бр.09-896/1 од 05.03.2013 година е поднесен од страна на Министерот за правда против извршителот врз основа на извештај УПП бр.09-4612/1 од 25.12.2012 година за спроведен редовен надзор врз работата на извршителот на ден 14.12.2012 година. Предлогот се поднесува со наводи дека извршител В.К.од Куманово, сторил дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ од Законот за извршување. Предлагачот во предлогот наведува дека извршителот В.К. во поголемиот дел од Уписникот за примени барања за извршување за 2011 и 2012 година со наслов ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА, не ги упишала преземените дејствија, со што постапила спротивно на член 45 став 1 од

Законот за извршување и член 2 и член 3 став 1 алинеја 3 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за примените барања за извршување и предлага Дисциплинската комисија да му изрече соодветна дисциплинска мерка согласно закон.
Обвинетиот извршител В.К. од Куманово, во писмен одговор и на главен претрес во своја одбрана изјави дека се точни наводите од предлогот на Министерот за правда меѓутоа во меѓувреме извршителот се има корегирано и уписниците се упишани за што достави копие од Уписник од барање за извршување до Комисијата.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес одржан на ден 29.03.2013 година, ги дозволи и изведе следните докази:

Извештај за извршен надзор УПП.бр.09- 4612/1 од 25.12.2012 година ;
Копие од Уписник од барање за извршување стр.бр.0000022; стр.бр.0000036; стр.бр.0000020; стр.бр.0000017; стр.бр.0000004; стр.бр.0000197; стр.бр.0000199; стр.бр.0000180 – непотполнети;
Копие од Уписник од барање за извршување стр.бр.0000022; стр.бр.0000036; стр.бр.0000020; стр.бр.0000017; стр.бр.0000004; стр.бр.0000197; стр.бр.0000199; стр.бр.0000180 – потполнети.

Дисциплинската комисија на КИРМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одбраната на извршителот, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

Извршител В.К., вршејќи ја извршителската дејност, во поголемиот дел од Уписникот за примени барања за извршување за 2011 и 2012 година со наслов ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА, не ги упишала преземените извршни дејствија(пример И.бр. 162/11, И бр.175/11, И бр.178/11, И бр. 180/11, И бр.194/11, И бр.30/12, И бр.37/12, И бр.39/12, Ибр.211/11 и И бр.78/12).

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста за делот од предлогот за дисциплинска постапка кој е со наводи дека извршителот во поголемиот дел од Уписникот на примени барања за извршување од 2011 и 2012 година не ги има наведено преземените дејствија при спроведување на извршувањето се утврди дека извршителот В.К. сторила дисциплинска повреда по чл. 54-г став 1 алинеја 4 од ЗИ “неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките“ .

Дисциплинската комисија при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како олеснителна околност дека нема штетни последици од постапувањето на извршителот и

истата ги има корегирано утврдените неуредности , а како отежнителни околности тежината на дисциплинската повреда и околноста дека извршителот е предходно дисциплински казнуван па во склоп на истите ја одмери дисциплинската мерка . Дисциплинската комисија смета дека со ваквата дисциплинска мерка ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 05.04.2013 година, согласно чл. 59-в став 1 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10 и 171/10) одлучи како во изреката на ова решение.